МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 82, став (3) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕЧАТОТ, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ЕТИКЕТАТА НА ТРУПОВИТЕ НА ГОВЕДАТА (*)

*Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата за утврдување на детални правила за примена на Регулатива (ЕК) бр. 1234/2007 на Комисијата во однос на пазарните стандарди за месо од говеда, свињи, овци и кози, CELEX бр. 32008R1249.

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на означување, формата и содржината на печатот, како и содржината на етикетата на труповите од говеда.

## Член 2

(1) Труповите се означуваат со печат и/или етикета

(2) Означувањето согласно овој правилник се врши во самите кланични капацитети.

(3) Означувањето со печатирање се врши со нанесување печат на надворешната страна на трупот користејќи небришливо и нетоксично масло.

(4) Печатите се нанесуваат на задните четвртини од трупот, на грбот во висина на четвртиот лумбален прешлен и на предните четвртини од трупот, на градите на околу 10 до 30 сантиметри од градната коска.

(5) Означување може да се врши и со етикета прикачена на трупот како единствен начин на означување или заедно со означувањето со нанесување печат. Етикетите се чуваат и се нанесуваат само во одобрените кланични капацитети.

(6) Етикетите треба да се заштитени од можно оштетување, да се отпорни на кинење и да се цврсто прикачени на секоја четвртина на местата наведени во ставот (3) од овој член.

(7) Во случаи кога класификацијата се врши користејќи системи за автоматизирана класификација, се користат исклучиво етикети.

## Член 3

(1) Печатот од член 2 став (3) на овој правилник има округла форма.

(2) Печатот во зависност од категоријта на труповите согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи, ги содржи следните ознаки:

- за категоријата (A, B, C, D и E) или потгатегорија (D1, D2 или D3) на говедскиот труп или половинка;

- за класата според месантоста (S, E, U, R, O или P) на говедскиот труп или половинка;

- за подкласата според меснатоста (+ или -) на говедскиот труп или половинка;

- за класата според покриеноста со масно ткиво (1, 2, 3, 4 или 5) на говедскиот труп или половинка;

- за подкласата според покриеноста со масно ткиво (+ или -) на говедскиот труп или половинка и

- ознака за Идентификациски број на класификаторот.

(3) Буквите и бројките кои се користат за ознаките на печатот не треба да бидат помали од 2

сантиметри во висина.

## Член 4

(1) Етикетата од членот 2 став (5) на овој правилник има квадратна форма со големина од најмалку 50cm2.

(2) Етикетата ги содржи ознаките од член 3, став (2) на овој правилник.

(3) Покрај ознаките од став (2) на овој член, етикетата ги содржи и следните податоци:

- бројот на одобрение на кланичниот капацитет;

- идентификацискиот или кланичниот број на животното;

- датумот на колење;

- масата на трупот и

- начинот на класификација на трупот (рачен или автоматизиран).

(4) Содржината на ознаките треба да е јасно читлива. На ознаките не треба да се вршат било какви измени, освен ако истите се јасно обележани на етикетата и извршени под надзор на официјален ветеринар.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2013 година.

Број: 08-10178/4

23 јануари 2012 годинаМинистер,

СкопјеЉупчо Димовски, с.р